# Годишен извештај за работата на
# Транспарентност Македонија во 2012 г.

**Поднесен од Ана Јаневска-Делева**
**Извршен директор на ТМ**

**Февруари 2013 г.**

За *Транспарентност Македонија*, 2012 г. беше уште една успешна година. Изминатата година помина во помал број на средби со странски делегации и претставници на меѓународни организации заинтересирани за ставовите на *Транспарентност Македонија* во сферата со која се занимава нашето здружение. Во 2012 година здружението продолжи да делува како влијателен невладин *watch dog* во државата чиишто ставови се пренесуваа во општата и во стручната јавност во Македонија.

УО на ТМ, редовно ја следеше и финансиската состојба во организацијата, давајќи совети и насоки за финансиско работење на ТМ.
Во изминатите 12 месеци во ТМ беа потрошени **3.698.758,00 МКД.**

Поконкретно, во изминатите 12 месеци ТМ ги спроведе следниве активности:

1. Седница на Собрание
2. Седници на Управен одбор
3. Проект - Месечни извештаи
4. Проект – Транспарентно финансирање на политички партии
5. Проект – Сопственичка структура на медиумите во РМ
6. Проект – Заробена демократија
7. Планирани активности на ТМ во 2013 г.

## 1. Седници на Собрание

Собранието на ТМ во изминатите 12 месеци одржа една седници, на **23.02.2012** година. На ова Собрание, се разговараше за состојбите во здружението како и за планираните активности во 2012 г.  На ова Собрание здружението се прошири за уште еден член.

## 2. Седници на Управен одбор

Во текот на 2012 г. Управниот одбор на ТМ одржа **4 официјални седници** (март, јуни, октомври и декември) и повеќе неофицијални консултативни средби. Освен расправите по тековните прашања, УО на одржаните седници одлучи и за:

- Одлуки за ангажирање на експерти за тековните проекти
- Одлуки за финансирање на организацијата.

## 3. Месечни извештаи за состојбите во борбата против корупцијата и криминалот и состојбата со транспарентноста во општеството

Во месец септември 2012 г. продолживме со објавување на месечните извештаи. Во текот на 2012 г. беа објавени четири месечни извештаи.

Предвидените цели и активности на проектот "Месечни извештаи за состојбата во борбата против корупцијата и криминалот и состојбата со транспарентноста во општеството" се постигнуваа на веќе воспоставен начин на работа. Тимот кој што работеше на проектот во 2011 продолжи да го спроведува проектот и во 2012 г. Сите извештаи се објавуваат на прес-конференции кои се одржуваат во просториите на НВО Инфо-центар како и во просториите на ТМ и на веб-сајтот на ТМ.
Проектот е со времетраење од 12 месеци и е поддражан од програмата на УСАИД за граѓанско општество.

**4. Транспарентно финансирање на политичките партии во РМ**

Транспарентност Македонија во партнерство со Фондацијата Отворено општество Македонија во 2011 и 2012 го спроведуваше проектот „Транспарентност во финансирањето на политичките партии“, преку кој континуирано се следеше и се анализираше финансирањето на политичките партии. Со проектот беа идентификувани низа неправилности и кршење на законските норми, но и недостигот од транспарентност и јавност во работата на политичките партии. Централна активност беше испраќањето на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до регистрираните политичките партии, партиите кои учествуваа на изборите како и до релевантните институции. Анализираните податоци, беа преточени во годишни извештаи за 2011 и 2012 година. се вклучени неколку општи заклучоци кои. Резултатите укажаа на неколку клучни заклучоци. Прво, правната рамка со која се регулира политички финансирање има низа правни празнини (на пр сомнителни контролен механизам). Понатаму, резултатите од мониторингот покажуваат дека и политичките партии и надлежните институции не можат во целост да се согласат во толкувањето на постоечките законските норми. Конечно, главната точка на загриженост е дека се чини дека постои премолчен пакт меѓу политичките партии да не се создаде еден силен контролен механизам за финансирање на политичките партии, што во голема мера ги поткопува демократските процеси во земјата. Имајќи го сето ова предвид, набљудувањето на политичкото финансирање е планирано да продолжи и во 2013 година.

**5. Сопственичка структура на медиумите во РМ**

Транспарентност Македонија во 2011 и 2012 година го спроведуваше проектот “Транспарентност во сопственичката структура на медиумите во РМ”. Проектот имаше за цел за да ги мапира сопственичките структури во македонските печатени и електронски медиуми, како и да ја прикаже историјата на сопственичките односи и трансфери во периодот од 1991 – 2011. Преку проектот се илустрираа важноста и ефектите на сопственичките врски врз медиумскиот плурализам, уредувачката независност и инволвираност на политичките и бизнис влијанија во македонските медиуми во последните две децении на демократската транзиција во земјата. Покрај тоа, овој проект претставува "камен темелник" во област која не е доволно истражена и ќе предизвика други истражувања / анализи во врска со медиумите. Резултат на овој проект е и публикацијата “Заробена демократија”.

**6. Заробена демократија**

ТМ во месец ноември започна да го спроведува проектот Заробена демократија. Проектот има за цел да развие две веб-страници, односно нова веб страница на здружението како и веб страница со фокус на состојбите со медиумите во РМ. Исто така, овој проект има за цел да ја заокружи

2013 година со издавање на Годишен извештај на ТМ за состојбите во борбата против корупцијата и криминалот и состојбата со транспарентноста во општеството. Проектот е со времетраење од 12 месеци и е поддржан од Balkan Trust for Democracy.

## 7. Предлог проекти

ТМ во 2012 г. поднесе три предлог проекти:

- "Транспарентно финансирање на политичките партии", поднесен во ФООМ, одобрен.
- "Месечни извештаи за состојбите со орг. криминал и корупцијата во РМ", поднесен во ФООМ одобрен.
- Институционален грант, поднесен во ЦИРА одбиен.

## 8. Планирани активности во 2013 г.

Во својата програма за 2013 г., приоритетни активности на ТМ се следните:

- Набљудување на финансирањето на политичките партии и објавување на годишен извештај во рамките на проектот „Транспарентност во финансирањето на политичките партии";
- Редовно објавување на Месечни извештаи за состојбите во борбата против корупцијата и криминалот и состојбата со транспарентноста во општеството;
- Објавување на Годишен извештај за состојбите во борбата против корупцијата и криминалот и состојбата со транспарентноста во општеството;
- Објавувања на поединечни соопштенија и мислења, изработени од експерти во или ангажирани од здружението, за конкретни појави или проблеми од областа на делување на ТМ;

- Објавување на аназлизи на закони, стратегии и други релеванти документи донесени или усвоени од Собранието и Владата изработени од експерти во или ангажирани од здружението, во врска со областа на делување на ТМ;
- Кампања за одбележување на 9ти Декември светски ден на борба против корупција
- Мониторинг на судски процеси на дела од сферата на организираниот криминал и корупцијата;
- Остварување на соработка со партнерски организации и здруженија од Република Македонија и регионот кои имаат интерес финансиски да ја помогнат и организационо-технички да ја поддржат работата на ТМ;
- Развивање на програма за волонтери-студенти;
- Понатамошно развивање и популаризација на веб-сајтот на ТМ, поголема видливост преку можности за интерактивна комуникација преку социјалните мрежи и други облици на внатрешна и надворешна комуникација на здружението со своите членови и пошироката јавност;
- Објавување на печатено издание, Годишен извештај на ТМ за 2013 година во кое ќе бидат содржани и објаснети сите активности на ТМ.